**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

# Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2023 година

Резултати од спроведеното истражување

Февруари, 2023 година

Согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) спроведе Анкета за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија.

Целта на анкетното истражување е да се обезбедат одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Податоците добиени од работодавачите од приватниот сектор кои имаат 7 и повеќе вработени се насочени кон добивање на информации за:

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања на планираните нови вработувања и
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработува

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила. Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Методологијата за анкетното истражување за потребата од вештини на пазарот на трудот е развиена во рамки на европски проект и ова истражување Агенцијата за вработување го спроведува еднаш годишно како дел од своите редовни активности.

Анкетата базира на примерок од работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, стратифициран според регион и сектор на дејност на работодавачот. Во примерокот се вклучени сите средни и големи работодавачи, а останатите се бираат по случаен избор до исполнување на планираниот опфат. Анкетирањето се спроведе според методот на теренска, телефонска и електронска форма на анкетирање, врз основа на однапред подготвен прашалник.

Анкетното истражување се оценува како „успешно“ доколку со анкетата бидат опфатени повеќе од 70% од вкупниот број на работодавачи во примерокот.

Анкетирањето го спроведуваат вработените во Агенцијата за вработување, а во Центарот за вработување на Град Скопје и осум други поголеми центри за вработување се ангажираат и лица од евиденцијата на невработени, при што истите имаат можност да се стекнат со вештини за спроведување на анкети.

При стратифицирање на примерокот и анализа на резултатите од спроведеното истражување се применуваат следните класификации/номенклатури: Национална класификација на дејностите - НКД Рев 2 и Рев 1, Национална класификација на

занимањата-НКЗ 2015, усогласена со Меѓународната класификација на занимања ISCO-08 и Номенклатура на територијални единици за статистика - НТЕС, 2013.

Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот спроведена во месец октомври-ноември 2022 година базира на примерок од 3407 работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, раслоен по дејности во рамки на осумте региони во Република Северна Македонија.

Опфатот на анкетното истражување во 2022 година е 86,1% или 2932 анкетирани работодавачи и од овој аспект истражувањето на национално ниво може да се оцени како успешно.

Според големината, од 2932 анкетираните работодавачи, 2210 или 75,4% се мали работодавачи (со број на вработени од 7-49), 630 или 21,5% се средни работодавачи (со број на вработени од 50-249) и 92 (3,1%) се големи работодавачи (со 250 и повеќе вработени). Нивното учество во вкупниот број вработени во анкетираните фирми респективно изнесува: 22,3%, 39,2% и 38,5%.

| Дејност | Дејнст / Сектор | Опфат на анкетното истражување на национално ниво | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на работодавачи од приватен сектор со 7 и повеќе вработени | Број на анкетирани работодавачи | Број на вработени кај работодавачи од приватен сектор со 7 и повеќе вработени | Број на вработени кај анкетираните работодавачи | % на работодавачи опфатени со анкета | % на вработени опфатени со анкета |
| | **В К У П Н О** | **8323** | **2932** | **285218** | **164121** | **35.2** | **57.5** |
| А | Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 153 | 50 | 5228 | 2958 | 32.7 | 56.6 |
| Б | Рударство и вадење на камен | 68 | 21 | 4067 | 2397 | 30.9 | 58.9 |
| В | Преработувачка индустрија | 1708 | 815 | 98987 | 70254 | 47.7 | 71.0 |
| Г | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 25 | 5 | 2233 | 313 | 20.0 | 14.0 |
| Д | Снабдување со вода, отстранување на отпадни водди,управување со отпад и дејности за санација на околината | 31 | 11 | 846 | 331 | 35.5 | 39.1 |
| Ѓ | Градежништво | 818 | 292 | 19064 | 8577 | 35.7 | 45.0 |
| Е | Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 2109 | 686 | 57796 | 29861 | 32.5 | 51.7 |
| Ж | Транспорт и складирање | 754 | 232 | 15576 | 7552 | 30.8 | 48.5 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 716 | 213 | 12512 | 5180 | 29.7 | 41.4 |
| Ѕ | Информации и комуникации | 443 | 115 | 16428 | 7688 | 26.0 | 46.8 |
| И | Финансиска дејност и дејности за осигурување | 88 | 39 | 9549 | 4455 | 44.3 | 46.7 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 47 | 12 | 1283 | 606 | 25.5 | 47.2 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 553 | 152 | 9644 | 3576 | 27.5 | 37.1 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 254 | 76 | 13530 | 8877 | 29.9 | 65.6 |
| М | Образование | 117 | 41 | 2662 | 1618 | 35.0 | 60.8 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 317 | 131 | 6957 | 4258 | 41.3 | 61.2 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 62 | 23 | 7856 | 5115 | 37.1 | 65.1 |
| О | Други услужни дејности | 60 | 18 | 1000 | 505 | 30.0 | 50.5 |

Резултатите од истражувањето покажуваат дека на национално ниво од вкупно 8323 работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени, со анкетата опфатени се 35,2% од работодавачите.

Кај анкетираните работодавачи вработени се 164121 лица или 57,5% од вкупниот број на вработени кај работодавачите од приватниот сектор со седум и повеќе вработени.

Анализирано според дејности, опфатот со анкетата е различен. Најголем опфат има во преработувачката индустрија, финансиски дејноси и дејности на осигурување и дејности на здравствена и социјална заштита, каде соодветно изнесува 47,7%, 44,3%, односно 41,3% од вкупниот број на работодавачи регистрирани во овие дејности.

Најмал опфат се забележува во дејноста снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација каде опфатот со анкетата изнесува 20,0% од вкупниот број на работодавачи регистрирани во оваа дејност.

Во однос на бројот на вработени, најголем опфат има во преработувачката индустија од 71,0% од вкупниот број на вработени кај работодавачите во оваа дејност, а релативно голем опфат во однос на бројот на вработени има и во администартивни и помошни дејности и во дејноста уметност, забава и рекреација, каде опфатот соодветно изнесува 65,6%, односно 65,1% од вкупниот број на вработени кај работодавачите во овие дејности.

Набљудувано по региони, во Вардарски регион анкетирани се 193 работодавачи или 6,6% од вкупниот број на анкетирани работодавачи, во Источниот регион 394 работодавачи или 13,4%, во Југозападен регион 193 работодавач или 6,9%, во Југоисточниот регион 333 работодавачи или 11,6%, во Пелагонискиот регион 276 работодавачи или, во Полошки регион 320 работодавачи или 6,9%, во Североисточниот регион 249 работодавачи или 8,5% од вкупно анкетираните и во Скопскиот регион анкетирани се 974 работодавачи или 35,1% од вкупниот број на анкетирани работодавачи.

Од аспект на идентификувањето на идните потреби од нови вработувања и на потребите од вештини, значајно е да се имаат предвид досегашните и очекуваните промени во развојот кај работодавачите.

Светската економска и енергетска криза предизвика забавување на економиите и раст на инфлацијата на глобално ниво. Работодавачите во нашата држава се соочија со нови предизвици, справување со негативните ефекти од економско -енергетската криза и ценовните притисоци.

Резултатите од истражувањето укажуваат на фактот дека работодавачите покажале агилност и конструктивна стратегија во услови на економска криза. Имено, и покрај остриот пад на економскта активност во пандемијата, создавање на тесни грла во глобалните синџири на снабдување, што последователно предизвика глобални ценовни притисоци особено кај енергенсите и основните прехранбени производи, најголемиот дел

од анкетираните работодавачи (58,2%) изјавиле дека успеале да задржат константна побарувачка на производите и услугите.

Прогнозата на повеќето од анкетираните работодавачи за економската активност во наредниот период од шест месеци (63,6%) и период од шест до дванаесет месеци (61,9%), исто така укажува на задржување на побарувачката на производите и услугите на константно ниво.

Останатиот дел од анкетираните работодавачи имаат подвоено мислење по однос на тенденцијата за развој на побарувачката на производите и услугите, но неспорен е фактот дека неизвесноста останува голема и бара следење на состојбите за навремена и одговорна реакција кон предизвиците.

Во моментот на анкетирање кај 2932 анкетирани работодавачи, вработени се 164121 лица, од кои 85037 (51,8%) од врабоените се мажи, а 79084 (48,2%) од вработените лица се жени.

Дејноста на здравствена и социјална заштита и финансиската дејност и дејности за осигурување, се дејности каде женската работна сила е значително повеќе застапена во вкупниот број на вработени во наведените дејности и соодветно изнесува 63,8% односно 62,0% .

Дејноста рударство и вадење на камен, градежништво, дејноста снабдување со вода, отстранување на отпадни води,управување со отпад и дејности за санација на околината, како и транспорт и складирање, се издвојуваат како дејности во кои машката работна сила е значително повеќе застапена во вкупниот број на вработени во овие дејности и нејзиното учество соодветно изнесува 89,5%, 87,1%, 80,4% и 75,0%.

Во однос на возрасната структура, од вкупниот број на вработени лица кај анкетираните работодавачи, 34147 (20,8%) вработени се на возраст до 29 години, 106371 (64,8%) вработени се на возраст од 30 до 54 години и 23603 (14,4) вработени лица се на возраст со 55 и повеќе години.

Аналзата по дејност и возрасна структура, покажува дека младите до 29 години, процентуално се најмногу застапени во дејноста информации и комуникации, финансиска дејност и дејности на осигурување, како и во административни и помошни услужни дејности, каде соодветно нивното учество во вкупниот број на вработени во овие дејности изнесува 36,2%, 35,6% и 33,3%.

Возрасна група од 30-54 години е процентуално најмногу застапена во други услужни дејности (74,9%), снабдување со вода, отстранување на отпадни води (72,5%) и во дејноста рударство и вадење на камен (69,4%).

Вработените на возраст со 55 години и иповеќе, имаат релативно повисока застапеност во дејноста снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (23,0%), дејности на здравствена и социјална заштита (21,2%) и дејноста земјоделство, лов и шумарство и рибарство (21,0%).

Предвидувањата на работодавачите за идните потребите од вработувања на лица со одредени занимања и степен на потребно знаење, во наредниот период од 12 месеци од спроведувањето на анкета, се мошне значаен показател со кој се детектираат потребите на работодавачите, со цел превземање на соодветни мерки и активности за обезбедување на соодвтен кадар, соодветно на потребите на работодавачите.
Сепак, имајќи ја во предвид економската и енергетската кризата и неизвесноста од времетраењето и како истата ќе се рефлектира врз нивното работење, работодавачите се резервирани во своите одговори.

На национално ниво, 1337 работодавачи или 45,6% од анкетираните, во нареден период од 12 месеци, очекуваат да реализираат 14915 вработувања на лица од различни занимања и степен на потребно знаење.

*Според големината на работодавачот*, кај малите работодавачи се очекуваат да се реализираат 3211 вработувања или 21,5%, кај средните по големина работодавачи се очекуваат 5281 вработувања или 35,4% и кај големите работодавачи се очекуваат да се реализираат 6423 вработувања или 43,1% од вкупниот број на очекувани вработувања во наредните 12 месеци.

| Дејност/Сектор | Број на работодавачи кои искажале потреба од работници | Очекувани вработувања | Степен на потребно знаење (образование) според НКЗ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Основно | Средно | Средно и вишо | Високо |
| Вкупно | 1337 | 14915 | 4277 | 6770 | 2258 | 1610 |
| Земјоделство, лов и шумарство и рибарство | 26 | 285 | 131 | 138 | 6 | 10 |
| Рударство и вадење на камен | 11 | 133 | 27 | 51 | 32 | 23 |
| Преработувачка индустрија | 419 | 7642 | 3477 | 3400 | 560 | 205 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 1 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води,управување со отпад и дејности за санација на околината | 10 | 49 | 32 | 5 | 10 | 2 |
| Градежништво | 110 | 728 | 160 | 468 | 33 | 67 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 248 | 1667 | 159 | 1249 | 147 | 112 |
| Транспорт и складирање | 116 | 505 | 34 | 427 | 40 | 4 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 121 | 505 | 83 | 408 | 12 | 2 |
| Информации и комуникации | 64 | 912 | 2 | 115 | 45 | 750 |
| Финансиска дејност и дејности за осигурување | 25 | 227 | 1 | 75 | 62 | 89 |
| Стручни, научни и технички дејности | 61 | 255 | 7 | 29 | 36 | 183 |
| Административни и помошни услужни дејности | 33 | 1436 | 121 | 138 | 1124 | 53 |
| Образование | 15 | 54 | 0 | 12 | 3 | 39 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 57 | 183 | 18 | 59 | 61 | 45 |
| Уметност, забава и рекреација | 10 | 287 | 14 | 166 | 86 | 21 |
| Други услужни дејности | 10 | 44 | 8 | 30 | 1 | 5 |

*Анализирано според дејност*, најголем број вработувања се очекуваат во преработувачката индустрија, 7642 или 51,2% и во трговијата на големо и трговијата на мало, каде се очекуваат 1667 вработувања или 11,2% од планираните вработувања.
Потоа во дејноста административни и помошни услужни дејности, работодавачите очекуваат 1436 вработувања или 9,6% од вработувањата, во дејноста информации и комуникации се очекуваат 912 вработувања или 6,1% од вработувањата, во дејноста градежништво 728 или 4,9% од од очекуваните вработувања во наредниот период од 12 месеци, а во останатите дејности работодавачите очекуваат релативно помал број на вработувања.

*Анализирано според дејност и соодветен степен на потребно знаење, во преработувачката индустрија* каде се очекуваат и најголем број вработувања, најголема ќе биде потребата за кадар со основно образование и со програми на средно образование, каде потребата за овој кадар соодветно изнесува 45,5%, односно 44,5% од очекуваните вработувања во оваа дејност.
Во дејноста трговија на големо и трговија на мало и во дејноста градежништво, најголема ќе биде потребата за работници со програми на средно образование, 74,9% односно 64,3% од планираните вработувања во овие дејности.
Во административни и помошни услужни дејности, 78,3% од планираните вработувања во оваа дејност се за работници со програми за средно и вишо образование.
Најмногу потреба од вработувања на лица со стекнати знаења од програмите на додипломско и постдипломско универзитетско образование, ќе имаат работодавачите во дејноста информации и комуникации, дејноста образование, стручни научни и технички дејности, финансиската дејност и дејности за осигурување.

*Според степенот на потребно знаење (образование)*[1], од вкупно 14915 очекувани вработувања, 4277 (28,7%) ќе бидат за лица со завршено основно образование, 6770 вработувања (45,4%) ќе бидат за лица со програми на средно образование, 2258 вработувања (15,1%) се очекуваат за лица со програми на средно и вишо образование, вклучувајќи и универзитетско и 1610 вработувања (10,8%) се очекуваат да бидат за лица со програми на додипломско и постдипломско универзитетско образование.

*Во однос на занимањето,* а имајќи го во предвид степенот на потребно знаење (образование) приоритет при новите вработувања во наредните 12 месеци ќе имаат лицата со следните занимања:

*Со завршено основно образование (завршено основно образование):* општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, работник за едноставни работи во преработка на тутун, работник за едноставни работи, нераспределен на друго место, работник за едноставни работи во производство на тутун, рачен пакувач, хигиеничар на производствени-работни простории, хигиеничар на станбен

[1] Според Национална класификација на занимањата –НКЗ (ISCO 08)

и деловен простор, обиколувач-дистрибутер во малопродажба, работник за одржување, земјоделски работник, помошник во кујна и други.

*Со средно образование (програми на средно образование)*: шивач, продавач, оператор за производство на инсталации, келнер, шивач на текстил, магационер, бравар, градежен работник, обезбедувач(заштита на имот и лица), возач на камион, ракувач со шивачка машина за текстил, готвач, заварувач, контролор на игрите во казино, заварувач, диспечер во патен сообраќај, работник на бензиска пумпа, расадничар, администартивен службеник, пекар, ракувач со градежни машини, шанкер, чевлар, возач на автобус, оператор во кол-центар, кројач, електричар за одржување, столар, тесар, месар, армирач и други.

*Со средно и вишо образование (програми на средно и вишо образование вклучувајќи и универзитетско):* администратор, техничар-оператор, електротехничар, оператор за машинско одржување, контролор на квалитет, комерцијалист, машински техничар, асистент во осигурување, медицинска сестра, систем-оператор, референт за продажба, агент за логистика, градежен техничар, графички техничар, фармацевтски техничар, шпедитерски техничар, информатичар на системи, хемиски техничар-лаборант, електромашински техничар и др.

*Со завршено високо образование* (програми на додипломско и постдипломско универзитетско образование*):* програмер, маркетинг агент, машински инженер, економист, фармацевт, тестирач на софтвер, градежен инженер, систем администратор, архитект, сметководител, развивач на софтвер, нженер на систем, менаџер по информациски системи, аналитичар на софтвер, инженер на софтвер, информатичар, аналитичар на бази на податоци, аналитичар за истражување на пазари, доктор по медицина, правник и др.

*Набљудувано по региони,* побарувачката на работна сила е различна. Во наредниот период од 12 месеци, кај работодавачите со седиште во Вардарскиот регион се очекуваат да се реализираат 2974 вработувања или 19,9% од вкупните вработувања на национално ниво, во Источниот регион 1483 (10,0%) вработувања, во Југозападниот регион 1171 (7,9%) вработувања, во Југоисточниот регион 1319 (8,6%) вработувања, во Пелагонискиот регион 4218 (28,3%), во Полошкиот регион се очекуваат да се реализираат 315 (2,2%) вработувања, во Североисточниот регион 674 (4,5%) и во Скопскиот регион се очекуваат да се реализираат 2761 вработувања или 18,6% од вкупниот број на очекувани вработувања на национално ниво.

Приоритет при новите вработувања ќе имаат лицата со следните занимања и соодветен степен на потребно знаење (образование).

*Вардарскиот регион:* градежен инженер, машински инженер, инженер металург, електроинженер контролор, градежен инженер за ниска градба, инженер- технолог, доктор по медицина, сметководител, техничар конструктор на патнички возила, комерцијалист, контролор на квалитет, администратор, машински техничар, електротехничар, медицинска сестра, техничар во прехранбена индустрија, продавач,

шивач, административен службеник, возач на товарно возило, бравар, заварувач, келнер, градежен работник, електричар за одржување, готвач, магационер, работник за едноставни работи на производствена линија, работник за едноставни работи во преработката на тутун, работник за едноставни работи нераспределен на друго мест, работник на едноставни работи во производството на текстил, земјоделски работник, општ работник, хигиеничар на производствени - работни простории и други.

*Источниот регион:* машински инженер, инженер за конфекција, градежен инженер, сервисен електроинженер, информатичар, електроинженер за пренос и распределба на електрична енергија, графички дизајнер, оператор за машинско одржување, хемиски техничар-лаборант, комерцијалист, графички техничар, електротехничар, машински техничар, шивач, шивач на текстил, продавач, ракувач со шивачка машина за текстил, расадничар, диспечер во патен сообраќај, магационер, контролор на игрите во казино, оператор за монтирање болјери, градежен работни, кројач, бравар, составувач на акумулатори, келнер, готвач, возач на товарни возила, општ работник, рударски работник, земјоделски работник, работник на едноставни дрвопреработувачки работи, пеглач на алишта, обиколувач, дистрибутер (малопродажба), рачен пакувач и други.

*Југозападниот регион*: развивач на софтвер, машински инженер, инженер на софтвер, останати инженери-технолози, архитект, геодетски проектант, машински техничар, електротехничар, агент за логистика, техничар-оператор, администратор, медицинска сестра, продавач, келнер, шивач, обезбедувач (заштита на имот и лица), готвач, работник на бензиска пумпа, продавач по телефон, шанкер, возач на камион, магационер, пекар, бурекчија, касиер, рецепционер, возач на автобус, ракувач со машина за изработка на пластични производи, подесувач на металообработувачки автоматски постројки -специјализиран, алатничар, градежен работник, општ работник, собарки, рачен пакувач, помошник во кујна, мијач на садови, обиколувач, дистрибутер (малопродажба) и други.

*Југоисточниот регион:* економист, доктор по медицина, новинар, машински инженер, градежениинжинер-проектант, администратор, електротехничар, комерцијалист, медицинска сестра, машински техничар за одржување на металуршка опрема, машински техничар, градежен техничар, хемиски техничар-лаборант, шивач, продавач, келнер, возач на товарно возило, диспечер во патен сообраќај, градежен работник, ракувач со шивачка машина за текстил, ракувач со градежни машини, готвач.,тесар, армирач, бравар, ѕидар, магационаер, негувател на стари и немоќни лица, општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, обиколувач, дистрибутер (малопродажба) работник на утовар и истовар, помошник во кујна и други.

*Пелагонискиот регион:* програмер, систем администратор, маркетинг агент, машински инженер, аналитичар на софтвер, аналитичар на бази на податоци, правник, фармацевт, економист, администратор, техничар оператор, комерцијалист, фармацевтски техничар, информатичар на систем, електромашински техничар,

електротехничар, оператор за производство на инсталации, шивач, контролор на игри во казино, магационер, келнер, возач на товарно возило, бравар, продавач, заварувач, готвач, возач на лесни доставни возила, возач на камион, шанкер, ракувач со машина за пакување, електричар за одржување, ракувач со шивачка машина за текстил, земјоделски тракторист, плетач, помошник готвач, угостителски работник, општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија, работник во одржување, рачен пакувач, пеглач на алишта, помошник во кујна, хигиеничар на станбен и деловен простор, сточарски работник, собарки, помошен работник, магационерски работник и др.

*Полошкиот регион:* машински инженер, архитект, инженер за архитектура, фармацевт, програмер, електротехничар, администратор, машински техничар, комерцијалист, продавачи, келнер, ракувач со машини за поставување на електрични кабли, составувач на пластични производи, возач на автобус, возач на товарно возило, бравар, водоинсталатер, обезбедувач (заштита на имот и лица), градежен работник, монтер на телекомуникациски уреди, столар, лимар, општ работник и други.

*Североисточниот регион:* програмер, микробиолог, доктор по медицина, сметководител, фармацевт, систем-оператор, графички техничар, електротехничар, администратор, медицинска сестра, техничар за дрвопреработка и обработка на дрво, шивач, чевлар, продавач, шивач на текстил, возач на камион, возач на автобус, градежен работник, ракувач со градежни машини, обезбедувач (заштита на имот и лица), келнер, кројач, работник на бензиска пумпа, електромонтер, армирач, месар, ракувач со шивачка машина за обувки, монтер на градежни елементи, пекар, ракувач со чевларски машини, готвач, возач на камион со дигалка, автолимар, бравар, заварувач, фасадер, општ работник, работник за едноставни работи на производствена линија работник на едноствани дрвопреработувачки работи и други.

*Скопскиот регион:* програмер, тестирач на софтвер, нженер на систем, маркетинг агент, економист, фармацевт, машински инженер, менаџер на информациски системи, сметководител, инженер-технолог за развој, градежен инженер, архитект, економист-консултант, аналитичар за истражување на пазари, инженер на софтвер, фармацевт во малопродажба, електроинженер за јака струја, правник, контролор на квалитет, техничар-оператор, асистент во осигурување, оператор за машинско одржување, медицинска сестра, комерцијалист, референт за продажба, машински техничар, шпедитерски техничар, градежен техничар, администартор, продавач, шивач, магационер, обезбедувач (заштита на лица и имот), оператор во кол-центар, келнер, возач на камион, бравар, касиер, шивач на текстил, продавач-консултант, пекар, градежен работник, работник на бензиска пумпа, автомеханичар, готвач, заварувач, водоинсталатер, столар, електроинсталатер, возач на товарно возило, монтер на градежни елементи, ѕидар, месар, тапетар, општ работник, хигиеничар на производствени-работни простории, хигиеничар на станбен и деловен простор, рачен пакувач, работник за едноставни работи

на производствена линија, обиколувач, дистрибутер (малопродажба), помошник во кујна и други.

Во однос на потребата од дополнителни знаења и вештини кои треба да ги поседуваат кандидатите за вработување, особено при вработување на кадар со високо образование, работодавачите ја нагласиле потребата од познавање на странски јазици, одлично познавање на работа со компјутери и поседување на соодветен сертификат за стекнатите знаења. Исто така одредени работодавачи посебно ја нагласиле потребата од дополнителни знаења и стекнати сертификати за напредни ИТ вештини.

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од поседување на комуникациски вештини, вреден, исполнителен, одговорност, доверливост, тимска работа, вештина за внес и читање на податоци, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, вештини за менаџирање.

Покрај важноста на квалификациите и дополнителните вештини кои би требало да ги поседуваат кандидати за вработување, за одредени занимања, работодавачите се изјасниле дека би било пожелно кандидатите да имаат и претходно работно искуство.

Што се однесува до социјалната инклузија (во конкретниот случај пристап до работа) на лицата со посебни потреби, за жал можностите за вработување на отворениот пазар на труд, се уште се незначителни за оваа категорија на лица, односно мал дел од работодавачите се произнеле дека имаат потреба од вработување на лица со посебни потреби.

Резултатите од анкетата покажуваат дека 32,0% од анкетираните работодавачи на национално ниво се соочиле со потешкотии при наоѓање на соодветен кадар за пополнување на слободните работни места за следните занимања и соодветен степен на потребно знаење: програмер, машински инженер, сметководител, градежен инженер, фармацевт, архитект, доктор-специјалист, медицинска сестра, машински техничар, келнер, шивач, продавач, готвач, бравар, возач на товарно возило, возач на камион, градежен работник, пекар, заварувач, електричар за одржување и др.

Како најчести причини со кои работодавачите се соочиле со потешкотии при обезбедување на кадар од горенаведените занимања, ги навеле:

- недостаток на интерес и мотивација кај кандидатите за извршување на работните задачи во конкретно занимање;
- недостаток на кандидати кои поседуваат практични знаења и вештини потребни за извршување на работните задачи во конкретното занимање;
- недостаток на кандидати за вработување со соодветно работно искуство;
- недостаток на кандидати со соодветно образование
- недостаток на кандидати кои би прифатиле работа за понудената плата.

Човечките ресурси и вложување во унапредување на нивните знаења и вештини, се најважни за краткорочниот и долгорочниот успех во работењето на работодавачите.

Резултатите од анкетното истражување покажуваат дека речиси 90,0% од анкетираните работодавачи, вложуваат во обуки на вработените, кои во најголем дел се реализираат интерно од страна на изведувачи/обучувачи од редот на вработените. Помал дел од работодавачите користат надворешни обучувачи, односно специјализирани центри за обука, консултантски фирми и сл.

Од особено значење за Агенцијата за вработување како јавна установа која обезбедува бесплатни услуги на пазарот на трудот и спроведува активни програми и мерки за вработување за учесниците на пазарот на трудот, е добрата соработка со работодавачите и нивно навремено и редовно информирање.

Анкетното истражување потврдува дека работодавачите се заинтересирани да добиваат информации од Агенцијата за вработување за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот кои се спроведуваат.

Во однос на прашањето кои услуги би сакале да ги користат работодавачите со поддршка на Агенцијата за вработување, најголем дел од нив ја нагласиле потребата од поддршка и помош при обезбедување на соодветен кадар за пополнување на слободните работни места, односно посредување при вработување, како и редовно информирање и советување за измените во законската регулатива од областа на трудот, преку посети, инфо средби и други форми на информирање на работодавачите.

Во однос на активните програми и мерки за вработување, работодавачите пројавиле најголем интерес за мерките од програмата за поддршка за креирање нови работни места, односно субвенционирање на плати и вработување и раст на правни субјекти, како и програмата за практикантство.

Токму и овие активни програми/мерки за вработување се најмногу користени од страна на работодавачите.

Анкетата за потреба од вештини на пазарот на трудот обезбедува корисни краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила.

Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.